# ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДРЖАНИОТ ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ВТОРА ГОДИНА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ И ТРЕТА ГОДИНА БИЛИНГВАЛНИ ПАРАЛЕЛКИ

Асоцијацијцата на наставници по англиски јазик и книжевност на Република Македонија - ЕЛТАМ планираниот државен натпревар по англиски јазик за учениците од II година за средни училишта и III година билингвални паралелки го одржа во СУГС Гимназија „Орце Николов“ во Скопје на 17.05.2014 година.

Училиштето домаќин излезе во пресрет на потребите за успешна реализација на натпреварот со обезбедување на простории, тим од тестатори и оценувачи како и освежување за учениците за што доби Благодарница за помош при организација и спроведување на натпреварите по англиски јазик за средни училишта.

За учество на државниот натпревар се квалификуваа 31 ученик победници на регионалните натпревари. Учесниците на државниот натпревар беа од училишта од 11 региони од Република Македонија во кои ЕЛТАМ има свои локални координатори. Сите училишта беа навремено известени за натпреварите по електронска пошта

На натпреварот за учениците од II година учествуваа 29 ученици од средни училишта и а на натпреварот за III година билингвални паралелки учествуваа 6 ученици. Државниот натпревар започна во 11:00 часот.

Натпреварот беше отворен со воведно обраќање на националниот координатор Гордиана Ѓоргова и Јованка Јованческа Миленкоска, кои ги објаснија пропозициите и правилата и за државниот натпревар.Тестирањето се одвиваше според предвидената динамика и според пропозициите.

Беа одбрани три комисии: **комисија за прегледување на тестовите**, **комисија за вреднување и рангирање на учесниците** и **комисија за приговори**.

1. <u>Комисијата за прегледување на тестовите</u> беше составена од следните наставници: Претседател: Ирина Стаменковска, членови, Ивана Лазеска,Сања Србиновска Тренчев, Ива Кочовска и Ирена Стрејкиќ.
2. <u>Комисијата за вреднување и рангирање</u> за учениците од втора година ги имаше следните членови: Претседател: Гордиана Ѓоргова Александра Поповски, Сања Србиновска а за билингвалните Претседател: Јованка Јованческа Миленкоска Ирена Стрејкиќ и Ирина Стаменкоска.
3. <u>Комисијата за приговори</u> беше составена од Зора Бушовска – советник во БРО, Елизабета Христовска Ичева претседател на ЕЛТАМ и Ивана Лазеска наставник.

Сите наведени членови објективно и одговорно си ја завршија задачата.

По прегледувањето, вреднувањето и рангирањето на тестовите, учесниците на државниот натпревар за средни училишта и нивните ментори беа јавно известени за резултатите со читање на рангираните шифри а потоа на сите учесници тестовите им беа дадени на увид.

По увидот не беа поднесени приговори. По завршување на работата на Комисијата за приговори беа соопштени конечните резултати од натпреварот.

Според крајните комисиски резултати од државниот натпревар беше добиена следнива ранг листа:

| Име | шифра | Reading | Use of English | Вкуп. | место | ментор | училиште | Град |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Андреа Пауноска** | **December** | **20** | **67** | **87** | **1** | **Цвете Пулејкова** | **СОУ „Ибрахим Темо„** | **Струга** |
| **Мартин Мурговски** | **Daughter** | **24** | **60** | **84** | **2** | **Ана Топенчарова-Коваческа** | **ОСУ „Св.Климент Охридски„** | **Охрид** |
| **Антонино Цветковски** | **November** | **20** | **64** | **84** | **2** | **Мимоза Костовска** | **СОУ Гимназија„Кочо Рацин„** | **Велес** |
| **Џемаил Шабани** | **Grandfather** | **22** | **61** | **83** | **3** | **Билјана Муфишовска** | **СУГС Гимназија „Никола Карев„** | **Скопје** |
| Јасмина Шашко | Sunday | 21 | 61 | 82 | 4 | Цвете Пулејкова | СОУ„ Ибрахим Темо„ | Струга |
| Дамјан Дабовски | Notebook | 22 | 59 | 81 | 5 | Весна Стефановска | СУГС„Орце Николов„ | Скопје |
| Марија Магдалена Лазоска | London | 20 | 60 | 80 | 6 | Снежана Станковиќ | СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито„ | Скопје |
| Анастасија Самарџиска | Monday | 20 | 60 | 80 | 6 | Желеанка Демирова | СОУ „Методија Митевски-Брицо„ | Делчево |
| Божидар Нешкоски | King | 22 | 57 | 79 | 7 | Кети Ефремоска | СОУ Гимназија „Мирче Ацев„ | Прилеп |
| Кристијан Ристески | Grandmother | 22 | 57 | 79 | 7 | Мери Најдоска | СОУ „Кузман Јосифоски-Питу„ | Прилеп |
| Игор Радовски | Television | 22 | 56 | 78 | 8 | Виолета Бишкоска | ОСЕУ „8 Септември„ | Тетово |
| Ангела Најденовска | Brother | 22 | 56 | 78 | 8 | Наташа Котевска | СОУ „Таки Даскало„ | Битола |
| Ванчо Јордановски | Map | 18 | 59 | 77 | 9 | Даниела Митрева Стојчева | СОУ „Св .Кирил И Методиј„ | Неготино |
| Симон Ѓорѓиев | China | 22 | 54 | 76 | 10 | Даниела Митрева Стојчева | СОУ „Св.Кирил И Методиј„ | Неготино |
| Оливер Васевски | Wednesday | 21 | 56 | 77 | 11 | Емилија Антовска | СОУ „Миле Јаневски Џингар„ | Македонска Каменица |
| Филип Каровски | France | 20 | 55 | 75 | 12 | Ленче Анѓушева Чаушева | СОУ Гимназија „Добри Даскалов „ | Кавадарци |
| Христина Ќаева | Mother | 24 | 50 | 74 | 13 | Кристина Трајкова | СОУ „Јосиф Јосифовски„ | Гевгелија |
| Кире Џотов | Saturday | 19 | 55 | 74 | 13 | Јован Самарџиев | СОУ „Јосиф Јосифовски„ | Гевгелија |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Благој Христов | Thursday | 16 | 58 | 74 | 13 | Мимоза Костовска | СОУ Гимназија ,,Кочо Рацин,, | Велес |
| Теодора Стојковска | Tuesday | 23 | 49 | 72 | 14 | Билјана Георгиевска | СУГС Гимназија ,,Георги Димитров,, | Скопје |
| Фросина Груевска | New York | 20 | 52 | 72 | 14 | Политима Илијовска | СЕПУГС,,Васил Антевски Дрен,, | Скопје |
| Никола Крстев | Book | 16 | 54 | 70 | 15 | Наташа Костадинова | СОУ Гимназија ,,Славчо Стојменски ,, | Штип |
| Ане Илиевска | Friday | 20 | 49 | 69 | 16 | Афродита Догазанска | ОСТУ „Наце Буѓони,, | Куманово |
| Џоана Лазарова | Sister | 18 | 51 | 69 | 16 | Виолета Заринска | СОУ „Коле Нехтенин,, | Штип |
| Лиле Димкоска | Son | 19 | 47 | 66 | 17 | Кети Ефремоска | СОУ Гимназија ,,Мирче Ацев,, | Прилеп |
| Јована Стојмановска | Pen | 17 | 47 | 64 | 18 | Дубравка Добревска | СОУ „Перо Наков,, | Куманово |
| Марија Двојаковска | New Zealand | 18 | 45 | 63 | 19 | Марина Ѓошевска | ОСУ „Ацо Русковски,, | Берово |
| Мартин Митев | Spain | 20 | 39 | 59 | 20 | Ивана Радева | СОУ „Кочо Рацин,, | Св, Николе |
| Ивана Василева | Queen | 18 | 41 | 59 | 20 | Верица Јанкова | СОУ,, Јане Сандански,, | Струмица |

Од ранг листата може да се констатира дека следните ученици освоија:
1 место Андреа Пауноска од СОУ „Ибрахим Темо“ од Струга
2 место Мартин Мурговски од СОУ „Св.Климент Охрдиски“ од Охрид
2 место Антонио Цветковски од СОУ „Кочо Рацин“ од Велес
3 место Џемаил Шабани од СУГС „Никола Карев“ од Скопје

Овие ученици според Правилникот за натпревари на ЕЛТАМ беа наградени со Диплома за освоено место и пригодни награди кои ЕЛТАМ успеа да ги обезбеди. На нивните ментори им беа доделени Пофалници за наставници чии ученици освоиле места.

Паралелно со натпреварот за втора година се одвиваше и натпревар за учениците од трета година за учениците од училишта со билингвални паралелки.

Ова е втора година како се организираа оваа категорија на натпревари која беше воведена на барање на претставниците на приватните училишта кои инсистираа и нивните ученици да се вклучат во натпреварите.Бордот на ЕЛТАМ беше на мислење дека овие ученици кои имаат поголем фонд на изучување на англискиот јазик и следат настава по сите предмети на англиски

јазик мора да се натпреваруваат во посебна категорија и поради тоа за нив се организира натпревар за трета година.

Одговорна за натпреварите е проф. Јованка Јованческа Миленкоска од Универзитетот Американ Колеџ Скопје, која навреме ги извести сите приватни и државни училишта во Република Македонија кои имаат билигвална настава и за овие ученици поради малиот број се организираше натпревар само на државно ниво заради фактот што училиштата ги има само во неколку града.

За жал и покрај упорното барање дури и по телефон на наставниците само две училишта пријавија ученици за натпреварот. Колешката ја соопшти таа информација до бордот и се размислуваше дали да се откажат тие натпревари, но со оглед дека веќе имаше пријавено ученици кои беа известени и се подготвуваа се сметаше дека не е фер тие да бидат исклучени поради незаинтересираноста на другите училишта. Останува дилемата дали за следната година воопшто да се организираат оваа категорија на натпревари доколку нема интерес од приватните и државните училипта со билингвална настава.

Ранг листа на ученици и нивните ментори кои учествуваа на државните натпревари за Билингвалните паралелки од трета година.

| Име на ученик | Шифра | Reading | Use of English | вкупно | место | Име на ментор | Училиште |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ана Зикова** | **Australia** | **15** | **54** | **69** | **1** | **Гордиана Ѓоргова** | **СУГС Јосип Броз Тито** |
| **Дамјан Кувенџиев** | **Cousin** | **13** | **47** | **60** | **2** | **Гордиана Ѓоргова** | **СУГС Јосип Броз Тито** |
| **Филип Стаменков** | **Brazil** | **11** | **43** | **54** | **3** | **Гордиана Ѓоргова** | **СУГС Јосип Броз Тито** |
| Ирина Грујовска | Unckle | 9 | 33 | 42 | 4 | Татјана Филипова | Интернационално Средно Училиште |
| Исидора Арнаудова | Sweden | 9 | 30 | 39 | 5 | Татјана Филипова | Интернационално Средно Училиште |

Државниот натпревар по англиски јазик за средни училишта беше успешно организиран и реализиран според сите процедури и обврски наведени во Правилникот за организирање на натпревари за основни училишта на МОН. На натпреварот беше присутен советникот од БРО Зора Бушовска која активно учествуваше во работата на Комисијата за вреднување и рангирање како и во Комисијата за приговори.

Успешното организирање и спроведување беше помогнато со спонзорите- партнери на ЕЛТАМ (Британски Совет, Експрес Паблишинг,Просветно Дело, Академска Книга Англиски Центар и др.) кои делумно ги обезбедија наградите за успешните ученици, како и училиштето СУГС Гимназија,, Орце Николов,, кое обезбеди логистика, наставници тестатори и наставници прегледувачи како и освежување за учениците и наставниците. Во овој поглед до година очекуваме општините да бидат поактивни во помагањето на релизацијата на натпреварите.

Искуства  и препораки од одржаните натпревари

Една од потешкотиите со која  одборот за организација на натпреварите се судрува е известувањата за натпреварите. Имено, Асоцијацијата ги известува училиштата преку електронска пошта, но многу од нив ги менуваат адресите на нивната елктронска пошта, па Асоцијацијата ги бара адресите на порталите на општините, но за жал не на сите општински портали се наведени училиштата или нивните адреси за електронска пошта. Од голема помош би било да има листа на адреси за електронска пошта за сите училишта на веб-страната на МОН или БРО.

Исто така се случува администрацијата во училиштата да не ги пренесат информациите до вработените навремено, па колегите молат да ги примиме пријавите за натпревар и по наведениот рок.

Еден од поголемите недостатоци на системското решавање на организирањето натпревари е непрецизирањето кој треба да ја финансира котизацијата за натпревари. Логично би  било училиштето да ја покрие истата, но со жалење може да се заклучи дека котизацијата во најголем процент е платена од менторите  или учесниците на натпреварот,

Во однос на воведувањето нив начин на организирање на натпреварите со организирање на општински, регионални и државни натпревари за средните училишта како една нелогичност и нерамномерснот беше согледано дека во некои општини има само едно средно училишпте па учениците всушност се натпреваруваат сами со себе. Исто така поради поставениот праг од 70 поени голем број на ученици не се квалификуваа за учество во регионалните натпревари. Од една страна тоа е коректно заради тоа што регионалнните претставници треба да имаат воедначен број на бодови за да дојдат на државен натпревар, но од друга страна поради тоа во некои региони имаше само по еден претставник на државниот натпревар наместо 3 како што беше предвидено.

Со оглед дека тестирањето на учениците е под шифри, ангажирањето на наставници кои не предаваaат во одделението за кое се спроведува натпреварот се изведе со потешкотии, а можеше и менторите да  ги прегледуваат тестовите со оглед на тоа што шифрите беа дадени на децата, па менторите не можеа да ги знаат. На тој начин транспарентноста на спроведувањето на целиот процес е уште поголема.

Во текот на натпреварите, сите колеги кои присуствуваа сметаа дека рокот за приговори е долг според Правилникот на МОН (90 минути), па се согласија приговорите да се решаваат и пред истекот на тој рок.
Со исклучок на неколкуте горенаведени технички детали, натпреварите завршија успешно.

**Тим за организирање и спроведување на натпреварите за средно образование на ЕЛТАМ**
ЕлизабетаХристовска-Ичева-Претседател на ЕЛТАМ
Гордиана Ѓоргова
Јованка Јованческа Миленкоска
Александра Поповски Голубовиќ